ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
SPITALI PSIKIATRIK "SHKUP" - SHKUP
Бр. 04-8/1
25. 08. 2023 година

ЈЗУ ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ" - СКОПЈЕ
ул. Скупи-20 бр.56, тел ++389(0)2 30 95 607 тел/факс ++389(0)2 30 95 601

IPSH SPITALI PSIKIATRIK „SHKUP" - SHKUP
rr. Skupi-20 nr.56, tel ++389(0)2 30 95 607 tel/faks ++389(0)2 30 95 601

www.pbskopje.org.mk pbskopje@pbskopje.org.mk

Врз основа на член 148 и 149 од Законот за здравствена заштита согласно Програмата за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026) (Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 163/2023) и Одлуката донесена на Управен одбор број 02-965 од 25.08.2023 година ЈЗУ Психијатриска болница, Скопје,, - Скопје објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

***За доделување на една (1) субспецијализација по психотерапија, (1) субспецијализација по социјална медицина и (1) специјализација по медицинска психологија***

1. Се објавува Интерен Оглас за доделување на една (1) субспецијализација по психотерапија, една (1) субспецијализација по социјална медицина и една (1) специјализација по медицинска психологија
2. На огласот можат да се пријават сите кандидати кои ги исполнуваат условите согласно Законот за здравствена заштита
3. Специјализациите ќе се доделуваат согласно критериумите утврдени во член 149 став 4 од Законот за здравствена заштита и тоа:

Критериумите за избор на кандидати за специјализација се следните:

- 50% од бодовите за просечен успех на кандидатот постигнат во Високо образование
- 40% од бодовите за должината на работен стаж
- 10% успех по предметот од областа која се доделува специјализацијата

Критериумите за избор на кандидати за субспецијализација се следните:

- 40% од бодовите за просечен успех на кандидатот постигнат во Високо образование
- 20% успех по предметот во областа која се доделува субспецијализацијата
- 20% од бодовите за должината на работно искуство и
- 20% за работа во областа во која ќе субспецијализира

4. Право на учество имаат сите вработени кои ги исполнуваат за добивање на специјализација и субспецијализација а кои по завршувањето на субспецијализацијата и специјализацијата ќе имаат преостанат работен век од 10 години до пензионирање како дополнително утврден услов, а се поради економската исплатливост на болницата да овие кадри допринесат кон развој и унапредување на лекувањето и ресоцијализацијата на пациентите.

5. Болницата ги сноси сите трошоци во врска со специјализацијата а со вработените кои се упатуваат на специјализација ќе склучи посебен договор во кој ќе се утврдат обврските со вработените упатени на специјализација

6. Огласот трае 5 (пет) дена од денот на објвувањето, а ќе биде објавен на веб страната и огласната табла на болницата.

7. Комисијата ќе изготви ранг листа од пријавените кандидати во рок од 3 (три) дена и ќе ја достави до Управниот одбор на болницата а конечна Одлука донесува Управниот одбор на својата седница

8. Кандидатите кои ќе добијат специјализација до Деканот на Медицински факултет најдоцна до 21.09.2023 година треба да ги достават документите наведени на Веб страницата на Медицинскиот факултет

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА ЗА УПАТУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА**
Проф.д-р Димитар Боневски